ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 13 – 71/1**

**Дата: 25.01.2010 година**

**ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Министер: Неџати Јакупи**

**ОД: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Помошник главен државен ревизор и Овластен државен ревизор:**

**Предмет:Ревизија на успешност – Активности поврзани со намалување на климатските промени во Република Македонија**

Ова известување претставува наше мислење по извршена ревизија на успешност која се однесуваше на активности поврзани со намалување на климатските промени во Република Македонија. Со ревизијата се насочевме првенствено кон Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија како и кон други институции кои имаат делокруг на работа поврзан со предметот на ревизијата.
Нашата ревизија претставува дел од меѓународна активност за извршена ревизија на климатски промени во организација на Европската организација на Врховни ревизорски институции – EUROSAI, а која е спроведена од страна на 10 ВРИ преку свои ревизорски екипи. Оваа ревизија претставува паралелна[1] ревизија и беше вршена истовремено од сите ВРИ.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за координацијата, управувањето, меѓународните обврски и обврските од националната регулатива, нивното планирање, имплементација и реални резултати, свесноста за секторските ризици во областа на емисии на стакленички гасови, алатки со кои се градат соодветни политики кај институциите кои се надлежни да ги исполнат поставените цели, дали преземените обврски се во функција на исполнување на целите, дали во државата е воспоставена рамка на управување со која ефикасно и ефективно ќе се управуваат средствата наменети за проекти чија цел е намалување на емисиите на стакленички гасови, дали овие средства придонесуваат кон остварување на целите за намалување на емисиите и други отворени прашања кои ги имавме во текот на ревизијата.

Со ревизијата дефиниравме повеќе подрачја кои беа предмет на нашата ревизија и од кои произлегоа значајни ризици во областа, беа формирани заклучоци и дадено ревизорско мислење. Тоа се следните области:

1. Координација и управување;
2. Меѓународни обврски, национални обврски;
3. Примена и стварни резултати;
4. Специфични сектори;
5. Алатки на политики;

[1] Паралелна ревизија значи дека учесничките ВРИ усвоија исти ревизорски цели во своите земји, заеднички ги поставија релевантните ревизорски критериуми и методи иако секоја ВРИ слободно одлучи како ревизијата ќе биде спроведена, кои ревизорски критериуми и методи треба да се применат, како и можноста секоја ВРИ да го ограничи опфатот согласно околностите во својата земја.

6. CDM механизам;
7. Финансирање на активностите;

Нашата ревизија беше насочена кон повеќе откриени ризици кај сите споменати области кои се однесуваа на:

- координација и управување воспоставени помеѓу владините институции и други учесници – дали се воспоставени ефективни системи на координација и управување помеѓу владините институции и други учесници во активностите на намалување на климатските промени;
- Меѓународни обврски/национална регулатива – планирање за намалување на емисиите на ЕСГ и CDM проекти – дали постојат соодветни обврски и цели во однос на меѓународната и националната регулатива, дали владините институции располагаат со соодветни информации со цел поддржување на изборот на политиките и одлуките;
- Примена и стварни резултати – дали владата ги постигнува своите превземени/поставени обврски/цели, дали владата го оценува/мониторира извршувањето, дали користењето на Кјото механизмите е соодветно на националните активности;
- Специфични сектори – енергетика, транспорт, индустрија, земјоделство, отпад, LUCF – дали владата е свесна за секторски базираните ризици за климатските промени и дали воспоставила мерки за справување со ризиците;
- Алатки на политики – Правна регулатива и стандарди, финансиски алатки, Механизмите од Кјото Протоколот - CDM, JI, договори, градење на кодекси, обуки и информации – дали алатките на политиките избрани од владата се однесуваат на ризиците и дали истите придонесуваат кон остварување на поставените цели;
- Финансирање – домашно финансирање, финансирање од донатори како и CDM финансирање – дали домашното финансирање е насочено кон намалување на климатските промени, дали земјите корисници на средства од земјите донатори имаат воспоставено рамка за управување за ефикасно управување со средствата од земјите донатори, дали средствата придонесуваат кон исполнување на целите за намалување на емисиите;

Нашите препораки во овој извештај се однесуваат на активности кои Министерството за животна средина и просторно планирање, треба да ги преземе со цел отстранување на ефектите од утврдените неправилности, состојби и наоди во извештајот даден во продолжение, како и создавање на услови за подобрување на целокупната слика кај мерките и активностите преземени во функција на намалување на климатските промени, посебно за клучната улога на министерството, координацијата на активности помеѓу Министерството и други институции вклучени во областа, меѓусебна размена на информации, примери од добра пракса, зајакнување на потенцијалот на Македонија како земја корисник на CDM проекти, организациски, финансиски и функционални слабости и неправилности во Министерството како и кај другите институции од областа кои имаат меѓусебно влијание на ниво на земја, исполнување на меѓународните обврски на Македонија согласно поставените рамки во двата клучни документа UNFCCC и Кјото протоколот како и тековната национална законска регулатива од оваа област.
На ден 25.11.2009 година во просториите на министерството одржана е завршна средба/презентација од страна на ДЗР со цел запознавање на министерот со основните оценки и препораки произлезени од извршената ревизија и беше искажано уверување од страна на министерот дека ревизорските оценки и препораки се правилно разбрани.
На ден 25.12.2009 година до ДЗР доставен е допис од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање во форма на мислење по доставен Претходен извештај.

Субјектот достави мислење по Претходен извештај по истекот на рокот предвиден во Законот за државна ревизија за доставување забелешки по претходниот извештај. Применото писмено мислење по ревизорскиот извештај иако е доставено вон законски предвидениот рок и не е во форма на забелешки, ниту има поднесено придружна поткрепувачка документација, разгледано е од страна на Главниот државен ревизор, стручното тело за оценка на квалитетот во ДЗР, помошник главен државен ревизор и раководителот на ревизорската екипа во Државниот завод за ревизија и се дадени во поглавјето Коментари од раководството на субјектот и проценка на ДЗР во овој извештај. При тоа мислењето за одредени делови од ПИ поднесено од министерот е претставено во поглавјето Коментари од раководството на субјектот и проценка на ДЗР почитувајќи и применувајќи го принципот на "реченица за реченица" со цел истите да бидат јасно разбрани и да се испочитува ставот на ДЗР.

Целокупниот опфат како и спроведените техники и методологија од страна на ревизијата, ни даде основа да го изразиме следното мислење:

Со ревизијата утврдивме дека во периодот 2006 – 2008 година, Македонија има донесено законска и подзаконска регулатива, национални стратегии и планови, мерки и проекции со кои во голем обем ги покрива и регулира активностите за намалување на ЕСГ, односно влијае на активностите на намалување и справување со климатските промени. Ова претставува добра основа на национално и меѓународно ниво за имплементирање на одредбите кои произлегуваат од меѓународните конвенции за Македонија. Донесени се мерки и активности за намалување на ЕСГ во сите ризични сектори, но не можеме да изразиме мислење по однос на успешноста на имплементацијата на мерките и алатките на политиките од областа на намалување на ЕСГ, а со тоа и намалување и/или справување со климатските промени поради неколку причини/фактори:

- отпочнувањето на проекти за имплементација на CDM е во рана фаза;
- бројката на прифатени проекти за имплементација е се уште мала, процедурите за прифаќање на проектите се чини дека се долги;
- постојат активности со проекти поврзани со намалување на ЕСГ во сите ризични сектори различни по обем, извор на финансирање, време на реализација кои не беа предмет на оваа ревизија, а кои имаат значително влијание врз креирањето на мерки и алатки на политики од страна на Министерството и другите вклучени институции;
- размената на информации на релација МЖСПП на РМ, други министерства и институции надлежни за спроведување на мерките и активностите за намалување на ЕСГ не е на задоволително ниво односно МЖСПП на РМ нема повратни информации за степенот, обемот и успешноста на имплементацијата на мерките и препораките за намалување на ЕСГ согласно ВНИКП и други стратешки документи иако ја има улогата на креатор и координатор на политики и мерки;
- МЖСПП на РМ во областа на климатските промени има ограничени човечки потенцијали;
- Постојат организациони, финансиски и функционални пречки и кај други институции кои се вклучени во активностите за намалување на климатските промени;

**Помошник главен државен ревизор**

**Скопје, 20.01.2010 година**

**Овластен државен ревизор**